РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 27-456/4
05.3. 2026 г.
Скопје

**До**
**Филозофскиот факултет во Ниш, Р Србија**

**Предмет: Предлог за избор на лектор по македонски јазик за изведување на лекторски вежби по македонски јазик и литература на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Ниш, Р Србија**

Почитувани,

Во врска со електронската порака што беше испратена од Филозофскиот факултет во Ниш за препорака на лектор до директорката на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје, проф. д-р Кристина Николовска, а во која се бара да се назначи лектор кој треба да ги одржува лекторските вежби по македонски јазик и литература од почетокот на академската 2026/2027 година, Советот на МСМЈЛК при УКИМ на седницата што се одржа на 3.3.2026 година, едногласно го предложи м-р Ѓоко Здравески, магистер по филолошки науки во областа на македонската книжевност.

Со оглед на тоа што на акредитираната студиска програма Србистика е предвидено изучување на македонскиот јазик од голема важност е испраќањето на лектор, кој ќе го продолжи досегашниот континуитет во изучувањето и негувањето на македонскиот јазик, литература и култура.

Поради зачувувањето на еден од центрите каде што се изучува македонскиот јазик, литература и култура од голема важност е испраќањето лектор, кој ќе го продолжи афирмирањето на македонистиката, а исто така со ова се зајакнува и меѓународната соработка помеѓу Универзитетот во Ниш и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со почит,

**Ректор на Универзитетот**

**проф. д-р Билјана Ангелова**

Прилог: 1

Изработила: м-р Евдокија Илијевска

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 е-пошта: ukim@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

Бр. 27-456/3
04-3- 2026
Скопје

Врз основа на член 37 од Правилникот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 744/2025), Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ на 22. седница одржана на 3.2.2026 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за избор на лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Ниш за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ го избра:

1. М-р Ѓоко Здравески, магистер по филолошки науки во областа македонска книжевност.

**Член 2**

Лекторот се избира за учебната 2026/2027 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**Директор на МСМЈЛК при УКИМ**

**проф. д-р Кристина Николовска**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 е-пошта: ukim@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk